**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ОТШТЕТНО ПРАВО” ОД ДОЦЕНТ Д-Р МАРИЈА АМПОВСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-98/4 од 134. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 19.4.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Игор Камбовски, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и
– доцент д-р Димитар Апасиев, доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Отштетно право**” **од доцент д-р Марија Амповска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** До Рецензентската комисија е доставен ракописот со наслов „Отштетно право“ (воведни теми,) кој е изработен како интерна скрипта наменета за следење и подготовка на наставата за предметот Отштетно право. Предметот Отштетно право е предвиден како изборен предмет во актуелната студиска програма за правни студии и студии за новинарство и односи со јавноста во петти семестар на прв циклус студии со неделен фонд на часови 2+1+1. Интерната скрипта е во согласност со наставната програма и ги опфаќа воведните теми во рамки на наставната материја за студиската програма за која е наменета.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот има 87 страници напишани во А4 формат со фонт на букви Arial и големина на фонт 12 и неговиот обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според сознанијата на Комисијата, ваков или сличен учебник во домашната правна литература не постои. Иако дел од наставната материја за предметот Отштетно право е опфатен со учебник „Облигационо право“, кој исто така се користи во наставата, сепак за воведните теми кои се однесуваат на значењето на поимот отштетно право, историскиот развој на вој посебен дел од облигационото право, како и за неговиот однос со останатите научни дисциплини и слично, не постои посебен објавен учебник во домашната правна литература.

**Краток опис на содржината:** Ракописот содржи седум глави во кои е поделена наставната материја и еден прилог кој ја содржи наставната програма за предметот Отштетно право. **Првата глава е со наслов „Поим на отштетното право и неговото место во правниот систем**” и во неа се прикажува односот на отштетното право со облигационото право и се дефинира неговото место во рамки на приватното право. **Втората глава е со наслов „Значење на поимот граѓанско-правната одговорност за штета и неговиот однос со отштетното право”**. Авторката во оваа глава зборува за потесното и за поширокото значење на поимот граѓанско-правна одговорност и за да го прикаже односот со отштетното право поаѓа од заклучокот дека граѓанската одговорност претставува компонента, односно еден дел од содржината на облигациониот однос настанат со причинување на штета. Во **глава 3 со наслов „Приказ на историскиот развој на облигационите односи настанати со причинување на штета”** авторката хронолошки, тргнувајќи од податоците на најраната правна историја го прикажува правното регулирање

на односите настанати со причинување на штета. Прикажувајќи го стариот век, авторката посебно се задржува на Хамурабиевиот законик, и на римското право кое воедно е разгледувано преку неговите три периоди – старо римско право, класично римско право и посткласично римско право. Потоа е прикажан развојот во средниот век каде што посебно авторката се задржала на Душановиот законик. На крај од оваа глава е прикажан развојот во новиот век, преку приказ на основните начелни одредби содржани во нововековните законици поточно во францускиот, германскиот и австрискиот граѓански законик. **Глава 4 е насловена како „Начела на отштетното право"** и таа обработува две групи на начела. Прво се прикажани начелата на облигационото право кои воедно се јавуваат и како начела на отштетното право, а тоа се начелото на слободно уредување на облигационите односи, начело на еднаквост и рамноправност, начело на еквивалентност, начело на справедливост и начело на забрана за предизвикување на штета. Освен овие начела во оваа глава авторката ги претставува и посебните начела на отштетното право. **Глава 5 е насловена како „Однос помеѓу отштетното право во објективна смисла и некои други гранки на правото".** Во оваа глава е претставен односот меѓу отштетното право од една страна и граѓанското, наследното, стварното, трудовото, потрошувачкото, меѓународното приватно и трговско право. **Глава 6 се однесува на „Формално-правни извори на Отштетното право"** и во неа се претставени најпрво Уставот како основен извор на правото, потоа Законот за облигационите односи како примерен извор на отштетното право, а даден е приказ и на потрошувачкото законодавство и законите од областа на осигурувањето како извори на отштетното право и на крај претставени се и ЕУ законодавството и правните модели кои се релевантни за оваа област. Последната глава, **глава 7 е насловена „Настанување на облигационите односи со причинување на штета".** Во оваа глава се обработени прашањата за страни на облигационите односи, односно штетникот и оштетениот, потоа се прикажани општите услови потребни за настанување на облигационите односи со причинување на штета каде што посебно се зборува за штетното дејствие, штетата и каузалитетот и, на крајот, главата ги обработува посебните услови за настанување на одговорност за штета.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на детално анализирање на содржината на овој ракопис и согласно со гореизнесените констатации, сметаме дека ракописот со наслов „Отштетно право – воведни теми" претставува сеопфатна целина на содржини поврзани со воведните прашања во предметот Отштетно право насочени кон совладување на основните прашања, како и воведување во спецификите на отштетното право, што треба да претставува една база што ќе се постави со овој ракопис за натамошно надградување на знаењето на студентите во полето на договорното, отштетното право и останати правни дисциплини кои имаат допирни точки со отштетното право.

Концизната, систематски јасно и точно претставена и теоретски поткрепена разработка на основните институти на отштетното право сметаме дека ќе им биде од корист, не само на студентите од прв и втор циклус студии, туку и на пошироката научна и стручна јавност.

Имајќи го предвид наведеното, со големо задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип му предлагаме учебното помагало (скрипта) со наслов **„Отштетно право – воведни теми"** од авторката доцент д-р Марија Амповска да биде одобрена за издавање во форма на рецензирана електронска интерна скрипта во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Игор Камбовски, с.р.**
**Доц. д-р Димитар Апасиев, с.р.**